ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Су-03 Бр / Nr. 681/23
02-10 2023 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, согласно член 8 став 3 во врска со член 17 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија и член 2 став 2 и член 13 став 1 од Судскиот деловник, на ден 02.10.2023 година донесе:

# ВНАТРЕШНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Со оваа процедура се уредува организирањето на работите во врска со одржувањето и текот на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, своите надлежности ги остварува врз основа на Законот за судовите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Судскиот деловник и процесните закони со цел воедначување на судската практика и единство во примена на законите од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

## Член 2

Општите седници, по правило, се одржуваат во седиштето на Судот. По исклучок, со одлука на претседателот на Судот, Општата седница може да се одржува и надвор од седиштето на Судот.

## Член 3

Општата седница ја сочинуваат претседателот на Судот и сите судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија, освен судии на кои им мирува судиската функција во Врховниот суд на Република Северна Македонија по било кој основ.

Со Општата седница раководи претседателот на Судот и се грижи за одржување на редот на седницата, согласно член 42 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Член 4**

На Општата седница присуствува судскиот администратор и судскиот службеник определен од претседателот на Судот.

Судскиот администратор или судскиот службеник определен од претседателот на Судот, ја подготвува поканата за свикување на Општа седница со предлог на дневниот ред.

Судскиот администратор и судскиот службеник определен од претседателот на Судот ги подготвува и материјалите за Општата седница кои им се доставуваат на членовите на Општата седница и на други учесници, согласно член 49 од Деловникот за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Поканата со предлог дневниот ред, судскиот администратор и судскиот службеник определен од претседателот на Судот ја заведува во Уписник со ознака СУ-03, согласно Судскиот деловник, а во врска со примената на внатрешните процедури за работата на Кабинетот на Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Судскиот администратор или судскиот службеник определен од претседателот на Судот, поканата со дневниот ред со сите материјали ги доставува до членовите на Општата седница.

Доколку на Општата седница се поканети да учествуваат и други учесници, поканата со предлог дневниот ред и сите материјали се доставува по електронски пат или по пошта.

**Член 7**

Судскиот администратор или судскиот службеник определен од претседателот на Судот, пред почетокот на Општата седница е должен да изврши увид во салата на Општата седница и да ги обезбеди техничко-организациските услови за непречено одржување на Општата седница, за што го известува претседателот на Судот.

## Член 8

Судскиот администратор или судскиот службеник определен од претседателот на Судот е должен да го следи текот на седницата во врска со непречено одржување на Општата седница, да се грижи за одржувањето на организациско-техничките услови и да помага за одделни прашања утврдени во Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија или по задолжение на претседателот на Судот.

## Член 9

За текот на Општата седница се води записник, кој ги содржи основните податоци за Општата седница и податоците од нејзината работа.

Записникот на Општата седница го води судскиот администратор или судскиот службеник определен од претседателот на Судот.

За сите донесени Одлуки од страна на Општата седница се составува посебен записник за гласање.

Записникот од расправата во електронска форма се внесува во посебна папка во Кабинетот на претседателот на Судот, достапен за сите членови од Општата седница.

## Член 10

Записникот и материјалите по кој е расправано на Општата седница по дневниот ред, се внесуваат и евидентираат во посебна папка, во која предметот се спојува и систематизира во согласност со правилата за канцелариско работење.

## Член 11

Записникот од расправата и материјалите со дневниот ред од Општата седница се чуваат во согласност со правилата за канцелариско и архивско работење, Судскиот деловник и Законот за архивски материјал.

## Член 12

Внатрешните процедури за работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија се составен дел од Внатрешните процедури за работа во Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Член 13

Внатрешните процедури за работата на Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија стапуваат во сила со денот на донесувањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ВРХОВНИОТ СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Беса Адеми